Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 284/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 ноември 2023 година, врз основа на примена жалба од Александра Денковска Гоцевска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „*Фероинвест: ИРЛ со нови притисоци врз судиите*“, објавен од порталот МКД.мк, на 27.10.2023 година, не отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 октомври 2023 година, лицето Александра Денковска Гоцевска поднесе жалба за текстот со наслов „***Фероинвест: ИРЛ со нови притисоци врз судиите***“, објавен од порталот МКД.мк, на 27.10.2023 година.

Во жалбата се истакнува следното: „Во објавата дословно се пренесува целото соопштение на фирмата Фероинвест за случај од судница на кој новинари од МКД.мк не присуствуваа. Колегите новинари од овој портал воопшто не ѝ контактираа за втора страна по однос на крајно навредливите, дрски, безобразни и омаловажувачки клеветнички невистини содржани во ПР објавата на компанијата Фероинвест. Најмалку чесно е МКД.мк да не го сервира ова на јавноста како апсолутна вистина пред да ги провери фактите кои како медиум се должни да го направат. Со оваа објава порталот МКД.мк прекрши повеќе членови од Кодексот на новинарите меѓу кои и член 1, член 6 и член 16. Ова не е прв случај кога овој портал известува еднострано кога станува збор ИРЛ. Дополнително сакаме да напоменеме до пишувањето на оваа претставка за конкретното соопштение од Фероинвест, втора страна од ИРЛ побара единствено порталот Мактел. Ова го напоменуваме бидејќи обврска и должност на новинарите е пред да објават соопштение да ја побараат и втората страна. Се друго е ПР објава која треба медиумот да ја наведе како таква.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ МКД.мк “ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот достави одговор, а во име на МКД.мк, одговор достави главниот и одговорен уредник Александар Дамовски од кој во контекст на оваа жалба се пренесува следното:

„Во врска со жалбата на Александра Денковска Гоцевска од ИРЛ за наводните прекршувања, за наводното неточно и нефер известување, незастапеност на втора страна и немање разграничување меѓу рекламирање и новинарска содржина и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, го давам следново објаснување: се работи за соопштение на една компанија, на една институција во врска со еден судски процес. Не се работи за никакво рекламирање, туку за информација за одреден настан. Вест. Соопштенијата на партиите, на организациите, државни агенции, на здруженијата, на невладините организации медиумите ги објавуваат на дневна основа и тие информации најчесто предизвикуваат нови информации, нови истражувања, теми на кои новинарите реагираат. Таман работа ако новинарите почнат да ја бараат втората страна за секое соопштение. Одговорноста за содржината на тие соопштенија на релевантни субјекти е на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

соопштувачот. Така е и објавено соопштението на Фероинвест, во наводници со наведување на изворот. Одговорноста за објавување или не на тие соопштенија е на редакцијата и тоа зависи од уредувачката политика.
Во конкретниот случај, по објавеното соопштение на Фероинвест, МКД.мк ја објави ФБ реакцијата на новинарката Маја Јовановска (https://mkd.mk/node/528424) иако таква реакција официјално и не добивме од ИРЛ.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови утврди дека во текстот не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 09 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата одлучи дека во текстот не е прекршен ниту еден членот од Кодексот, бидејќи овој медиум соопштението на Фероинвест го обработува според новинарските правила. Во самиот наслов е јасно наведено името на компанијата и нејзиното тврдење, со што на читателот му се дава можност и од самиот наслов на текстот да дознае дека станува збор за соопштение на компанијата, а не тврдење на медимуот.“ Покрај тоа, во текстот е објавен и ставот на новинарката на ИРЛ, Маја Јовановска, што значи дека е обезбедено и гледиштето на „другата страна“, во случајот редакцијата на ИРЛ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595